Maj 2011 Бр.115

FOREVER

MACEDONIA

SUCCESS DAY

11.06.2011
Хотел Порта
почеток:
18 часот

Ајде да зборуваме за производи

Повеќе од 30 години, една од основните причини за растот, развојот и моќта на ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС се природните и квалитетни производи кои таа ги нуди. Тие производи имаат широк спектар на употреба и секој може да има корист од нив за своето здравје, убавина и еден нов подобар начин на живеење кој секој си го посакува. Тие се ексклузивни затоа што ФЛП го поседува патентираниот процес на стабилизација. Високото ниво на квалитет се должи на почитување на строгите поставени стандарди во процесот на производство.

Нашите производи се одобрени од Меѓународниот научен совет на алое (Печат за одобрување на МНСА), како и во многу држави каде се регистрирани како храна или додатоци во исхраната, и не се наменети за лекување или третирање на какви и да било болести. Нашите дистрибутери се согласиле да ја следат специфичната деловна политика која ги ограничува исказите и тврдењата кои можат да се дадат за нашите производи, а таа е:

„Никој дистрибутер не може да тврди дека производите на ФЛП се корисни во лечење, превенција, дијагноза или излекување на дадена болест. Искази и тврдења можат да бидат споделени или кажани само доколку тие бидат одобрени од ФЛП или се содржат во официјалната литература на ФЛП.“

Кога ги споделуваме или истакнуваме бенефициите од производите, за нас многу е важно да ја имаме во предвид оваа полиса. Ние треба да ги избегнуваме напоменувањата по име на конкретни болести или ситуации; и никогаш да не се користи зборот *лечење, третман или лекување.* Кон ова да се придржуваме и кога се печатат какви и да се флаери или литература која ја делиме, всушност Деловната Политика на компанијата забранува користење на каков и да е печатен материјал, освен ако тоа не е одобрено од канцеларијата на Форевер Ливинг Продактс:

„Освен ако не е добиено претходно писмено одобрение од Компанијата, забранети се употребата, производството и продажбата на материјали, поинакви од достапните или писмено одобрени од ФЛП, на други ФЛП Дистрибутери за употреба при промовирање на ФЛП производите.“

Тогаш, што можеме да кажеме за нашите прекрасни производи, кои се презентираат за одржување на виталноста и здравјето на луѓето? Всушност, тоа е многу едноставно. Само запомнете ги зборовите ПОДДРШКА, ПРОМОВИРА, ОБЕЗБЕДУВА И ОДРЖУВА.

Еве неколку примери:

Forever Freedom: Содржи состојки кои помагаат во ОДРЖУВАЊЕТО на правилната функција на зглобовите и нивната подвижност.

Pro-6: ОБЕЗБЕДУВА Бета ситостерол (растителен стерол од див шафран), кој е додаден со цел да ја ОДРЖУВА здравата функција на простатата и да го ПОДДРЖУВА во здрава граница нивото на холестерол.

Royal Jelly: Главна состојка е пантотенова киселина која има цел да го ОБЕЗБЕДИ метаболизмот со протеини, масти, јаглехидрати и неколку хормони.

Arctic-Sea: Содржи состојки кои го ОДРЖУВААТ во здрава состојба крвниот холестерол, нивото на триглицериди, очите и мозокот, како и добрата функција на зглобовите.

Забелешка: Доколку горе наведените искази се одобрени од Компанијата да бидат испечатени, тие мораат да бидат пропратени со фуснота (дополнително објаснување) на истата страна по барање на ФДА за додатоци во исхраната каде е напишано следното:

*Оваа изјава не е оценета од Министерство за здравство и дирекцијата за храна. Овој производ не е наменет за употреба за дијагнози, лечење или за спречување на кои и да било болести.

Исто така битно е да се запомне дека не е потребно да бидеме експерти по нутриционизам или за телесен метаболизам, ниту ни е потребен доктор или каков и да е медицински персонал за да ги препорачуваме производите на други.

Тие што се обиделе во своето градење на бизнисот да вклучат доктори или предавачи за нутриционизам со цел да им помогнат во продажбата на производи, вообичаено не можат да го искусат потенцијалот за развој и пораст кој може да се постигне со Маркетинг Планот, бидејќи тоа што тие го прават за многумина е многу тешко да се дуплицира.

Ако на пример, вашиот презентер ви даде техничко објаснување „зошто“ производите функционираат, тогаш ќе видите дека луѓето кои сте ги спонзорирале ќе инсистираат вие лично да отидете и ги направите сите демонстрации за производите, затоа што новите Дистрибутери неможат тоа да го направат како вас. Тоа е точно спротивното од принципот на дупликација, кој е всушност основа на Маркетинг Планот и порастот на вашиот бизнис. Тука вие ја губите вашата слобода и достигнување на приходите кои ги посакувате, всушност сте креирале стапица каде што вие веќе не раководите со вашето време и не сте самостојни, затоа вашите приходи стануваат лимитирани бидејќи ја работите работата која всушност вашите Дистрибутери под вас треба да ја работат сами. Нашите најуспешни дистрибутери избегнуваат да даваат премногу технички објаснувања за производите, тие тоа го прават едноставно и своите искази ги поврзуваат со сопствените искуства.

Ние очекуваме сите Дистрибутери да ја почитуваат и да работат по правилата на Деловната Политика, што се однесува до изјавите во врска со производите, и ги охрабруваме да го држат бизнисот едноставен и лесен за мултиплицирање. Така ви се отвора потенцијал за огромна можност за заработка од ФЛП Маркетинг Планот!

Писмо од Претседателот

Претседател и главен генерален директор на ФЛП
Рекс Моган



Послание за надежта

"Не е за верување" беше единственото што ми поминуваше низ умот, додека го гледав пустошењето во Јапонија, дента кога со Грег се подготвувавме да отпатуваме кај нашите пријатели во земјата на изгрејсонцето за овогодишното рели. Како што Грег објасни во своето писмо по земјотресот, најнапред се растревоживме за вработените и дистрибутерите на Форевер во Јапонија, од кои многумина ги познавам десетици години. Се прашував дали тие и нивните семејства се добри и какви последици нанесла стихијата врз животот и нивната иднина.

Сега, кога го пишувам ова писмо, со радост можам да ве информирам, дека сите вработени и дистрибутери на ФЛП се живи и здрави. Материјалните загуби се огромни, но тие можат да се надоместат. Во нашите мисли и молитви остануваат илјадниците семејства кои изгубиле блиски или сé уште ги бараат изчезнатите роднини.

Во деновите по катастрофата зборував со Арџеј за тоа што таму го преживеал со сопругата. Според неговото кажување, највпечатлив е начинот на кој Јапонците реагирале на случувањата. Како што веројатно сте прочитале во печатот, а Арџеј видел со свои очи, луѓето биле смирени, организирани и дисциплинирани. Толку често сме сведоци на хаосот кој следи по катастрофи како оваа, но прв пат слушам за смирено однесување на настраданите. Сакам да споделам со вас неколку репортажи кои ги прочитав.

Статијата на Асошиетед прес раскажува за градот Каракува, погоден од цунами. Во моментот кога се прекинати водоснабдувањето, електричната енергија и сигналот за мобилна телефонија, луѓето од градот се собрале во училишната зграда за да си дадат поддршка додека постепено да започне да пристигнува хуманитарната помош.

„Со години на село постои традиција луѓето да го споделат и тоа малку што го имаат со другите," кажува 63-годишната Норико Сасаки, седната на земја пред центарот за хуманитарна помош во градот. *„Нашата култура е таква. Дури и да не ни се роднини, ние ги чувствуваме луѓето покрај себе како браќа кои сестри."*

Во срамнетиот со земја град Шизугава, Коџи Сато – дрводелец, кој гради домови, започнува да изработува ковчези. Кажува дека не му останало време да размисли сериозно за сé што му се случило: *„Единственото нешто кое го правам од трагедијата досега, се ковчези."*

Во кујната на друго училиште учители, родители на ученици и останати без покрив приготвуваат по три оброка и две ужинки секој ден. Во средината на училницата, група момчиња седнати крај масата, од чиниите со храна се крева пареа, а тие наведнуваат глави и велат: *„Благодарам. За сé."*

Ова е посланието за надежта, кое сакам да го предадам на секој од вас. Било какви тешкотии да ни дојдат, треба да наоѓаме начини да чувствуваме благодарност за тоа што го имаме, и да подадеме рака за помош кон другите. Се сеќавам на познатиот цитат: „*Се жалев дека немам обувки, додека не видов човек без нозе.*"

Не треба да заборавиме дека најефикасното лекарство против болеста наречена самосожалување е да се потопиш во служење на другите. Грег нé повикува сите да направиме што можеме за да им помогнеме на настраданите во Јапонија. Од срце се приклучувам кон неговиот повик.

Дури и по долгите месеци на совземање на земјата и откако жителите на оваа силна нација ќе го закрепнат својот живот, сé уште ќе има луѓе низ светот на кои ќе им треба нашата помош. За жал не треба да ги бараме луѓето на кои им треба помош. Тие се насекаде околу нас. И како што не еднаш сум рекол, често најдобриот начин да му помогнеме на некого е да го запознаеме со можностите за здравје и богатство, кои ги нуди Форевер.

На крај, сакам уште еднаш да испратам сочувство и молитви за луѓето во Јапонија. Знам дека со својот однос на самоодрекување, тие ќе успеат да се совземат од катастрофата и ќе станат посилни од секогаш. Навистина, тоа што луѓето можат да го постигнат кога работат пожртвувано за добра кауза, НЕМА ОГРАНИЧУВАЊА.

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

Драги пријатели,

Драги пријатели,

Секоја година кога присуствуваме на Европското рели на Форевер, си велиме дека подобро, поенергично и помотивирачко не може да биде. И секоја година заклучуваме дека всушност последното рели секогаш е нешто повеќе од претходните. Така беше и оваа година во Виена. Првото нешто кое ја направи оваа европска средба поразлична, беше бројот на дистрибутери од Бугарија и Македонија. Моќната група на ФЛП Бугарија и Македонија броеше над 250 дистрибутери од двете држави и беше една од многу големите групи на овој прекрасен настан. Бевме исклучително горди и ги поздравуваме сите кои беа таму и допринесоа за исклучителната атмосфера во салата. Не можеме а да не спомнеме дека на сцената беа признати и три дистрибутери од ФЛП Бугарија кои постигнаа исклучително престижно звање Менаџер „Орел". Гаља Царевска, Елка Георгиева и Антонија Димитрова први го направија тоа за кое многу од вас сигурно напорно ќе работат и ќе го постигнат оваа година - тоа е признанието дека се најдобри.

Гости на Европското и Светско рели на Форевер беа најдобрите дистрибутери на ФЛП Бугарија за 2010 година, Цветанка и Емил Бурназки. Луксузниот хотел во кој бевме сместен, величественото прием во церемонијалната сала на замокот Хофбург, како и другите забави во текот на една седмица, вклучувајќи ја и посетата на најубавиот замок на светот Нојшванштајн во јужна Германија, беа соодветна награда за постигнатото од страна на овие дистрибутери во изминатата година. Им благодариме од срце!

Сакаме да го споделиме и задоволството од средбите со стотици луѓе од целиот свет, поврзани од неколку заеднички нешта. Луѓе, кои благодарение на Форевер постигнале нешта, кои најверојатно никогаш немаше да ги постигнат, ако не беа дел од најдобрата бизнис можност на светот. Луѓе, кои како многу други имаат мечти, кои сакале да ги исполнат, но за разлика од многу други, направиле нешто, за да може тоа да се случи. Луѓе како вас, кои сакале да бидат дел од бизнис, со кој можат сами да го управуваат својот живот и сами да определат што ќе постигнат. Луѓе, за кои е јасно дека ако работат здраво пет години, можат да постигнат сé за што мечтаеле. Луѓе, кои можат да си претстават дека ќе го удвојуваат бизнисот секоја година користејќи прост систем на дуплирање. Луѓе, кои знаат дека растежот во овој бизнис се должи на секојдневно запознавање на нови луѓе со можностите кои компанијата ги нуди. Луѓе за кои употребата на производите е резултат од градење на голема мрежа од дистрибутери. Луѓе кои се концентрирани на суштината на овој достапен за секого бизнис и прават сé што е потребно за неговото секојдневно растење.

И за крај ќе ги цитираме најдобрите во Форевер. Невозможно е да се пренесе сé што слушнавме и научивме, но најголем впечаток ни остави претставеното од водечките дистрибутери на компанијата. Ролф Кип – Менаџер „Двоен Дијамант" и најдобар дистрибутер на компанијата во светот за 2010 г.:

„Повеќето луѓе во овој бизнис се откажуваат или никогаш не успеваат, не затоа што имаат многу за правење, туку напротив, затоа што прават многу малку и спонзорите од нив бараат многу малку."

Џон Кертис – Менаџер „Дијамант" и дистрибутер со најголем чек од програмата за распределба на профитот на фирмата за 2010 г. – 540 771,00 евра сподели со нас:

„Во овој бизнис е лесно да успеете, ако направите три прости нешта:

1. Научете како се прави! (најважно и пред сé друго)
2. Правете го! (без да го усложнувате)
3. Правете го одново... и одново... и одново...!"

Не пропуштајте следниот пат и вие да бидете дел од овој возбудлив настан на Форевер!

Со љубов,
Стефан и Тања Стаеви

Forever Gin-Chia

Форевер Ливинг ги искомбинира двете легендарни билки, златната чија или енергетик од запад со женшенот познат како “Крал на тониците” од исток давајќи ни едно модерно чудо за нашето презафатено секојдневие. **Gin-Chia** содржи златна чија, природна храна која ја користеле југозападните индијанци во Америка кон крајот на XIX век заради нејзината моќност, плус женшен кој со векови е познат како тоник.

Џејмс Шир, авторот на “Магијата на Чија”, објаснува дека чијата всушност била супер храна на многу древни народи. Содржината на протеини е повисока отколку кај други житарици, и се смета дека има погоден баланс на сите есенцијални аминокиселини.

Златната чија е богата со калциум, бор, витамините А,Б,Ц и Е, амилаза (спросогорувачки скроб кој е добар за хипогликемичари), антиоксиданти и исклучително добар соодност помеѓу омега3 и омега6. Семките од чија содржат полезни долговерижни триглицериди кои помагаат во намалување на холестеролот.

Семките имаат способност 12 пати да ја апсорбираат својата тежина во вода што помага во регулирање на апсорпцијата на нутриенти и одржување на електролитите. Тие содржат естрогени материи кои помагаат за време на менопаузата, ја подобруваат циркулацијата, тие се моќен антиоксидант и биле користени од Маите и Ацтеките како енергетска храна.

На кинески јазик, зборот женшен значи “обликуван како маж”. Бидејќи “идеалниот” корен на женшен го претставува човечкото тело, во древна Кина се сметало дека растението веројатно е панацеа, односно лек против сите болести.

Староста на коренот на женшенот се одредувала по бројот на прстените на неговата површина. Старите корени, некои и близу сто години, со многу белези, достигнувале многу високи цени, бидејќи се сметало дека долговечноста се пренесува кај тие што го конзумирале женшенот.

Кинеските цареви прогласиле дека коренот на женшенот има многу употреби, првенствено како тоник или стимуланс за физички и ментални заболувања. Тој се користел и за зголемување на плодноста, и најважно од се- за зајакнување на организмот. Во првите кинески записи за билките, Шен Нунг вели: “Женшенот е тоник кој ја стабилизира немирната душа, се бори со стравот, го подобрува видот, го закрепнува телото и го продолжува животот...”

Ориенталниот женшен се користи за зголемување на енергијата, подобрување на атлетски способности, намалување на стресот, проблеми со импотенција, јакнење на имунитетот, контрола на крвниот притисок, регулација на шеќерот, ревматизам и зајакнување на кардиоваскуларниот систем.

Сибирскиот женшен е познат како Eleuthero. Студиите направени пред 30 години во Русија покажале дека сибирскиот женшен му помага на имуниот систем да се одбрани од инфекции на респираторен тракт, вируси и грип, најверојатно поради тоа што го зголемува бројот на Т-клетките. Сибирскиот женшен содржи естроген. Тој е антидепресант, а помага и во намалување на штетното дејство на слободните радикали. Сибирскиот женшен содржи витамин Б1, Б2, Б12 и Д, како и бакар, магнезиум, калциум, железо и манган.

Forever Gin-Chia ги дава следните резултати:

- Ја поттикнува менталната и физичката активност
- Ја поттикнува потенцијата
- Дава енергија
- Спречува болести или значително ги ублажува
- Го регулира крвниот притисок (кај зголемен притисок се зема 1 таблета, а кај низок притисок 4 таблети).
- Поволно делува на запаление на зглобовите
- Отклонува пречки во варењето
- Отклонува несоница и замор
- Поволно делува на слабокрвност и пречки во циркулацијата
- Спречува хипогликемија
- Влијае на работата на жлездите со внатрешно лачење
- Помага витамините и минералите комплетно да се искористат
- Го јакне срцевиот мускул
- Спортистите кои користат Gin-Chia постигнуваат подобри резултати бидејќи имаат поголема издржливост, полесно поднесуваат напор и побрзо се опоравуваат по тренинг и натпревар.

Таблетите се џвакаат пред или за време на јадење и тоа 2 таблети одеднаш со течност. Во случај на висок притисок се зема 1 таблета, а кај низок притисок4 таблети одеднаш.

Мајски Соња совети за разубавување на идните невести и матурантки!

Мај и месеците кои следат се месеци кога започнуваат матурски, свадби и ова е одличен момент за презентирање на нашите **Топ 10 совети за разубавување** кои треба да ги следи секоја идна невеста и матурантка пред (и по) нејзиниот голем ден. Запомнете ги овие совети и бидете сигурни дека секојдневно ќе ги применувате како пред, за време, и по вашиот голем ден на прослава , а воедно истите ќе ги пренесете и на вашите блиски од семејството и пријателите. Тие ќе ја ценат вашата внимателност за секој детал, затоа што секој сака да изгледа најдобро за секоја специјална пригода од својот живот!

1. Шминката може да биде добра и добро да изгледа само доколку се нанесува на негувана и здрава кожа. Најдете време во претходните месеци пред настанот да започнете да го третирате вашето лице со **Соња колекцијата за нега на кожа.** Состојките кои ги содржат препаратите од оваа колекција се алое вера, овошни екстракти, бел чај и супериорните овлажнувачи кои помагаат во обновување и хидратирање на вашата кожа.
2. Пијте **Алое Вера Гел** (или кој и да е вашиот омилен алое вера пијалок), и не заборавајте дека е потребно во текот на денот да пиете 8-10 чаши вода, за да имате прекрасна кожа.
3. Разгалете си ги сетилата и опуштете го вашето тело со трите прозводи од **новата колекција за ароматерапија**. Потопете се во када со соли за опуштање, освежете се со туш гелот и изгонете го уморот со лосионот за масажа. Предложете и создадете си вистинско СПА задоволство за вас и вашите најблиски.
4. Подгответе, тонизирајте и затегнете го вашето тело со Алое комплетот ***„Грижа за телото“***. Оваа колекција е едноставна за користење во домашни услови. Чувствувајте се најдобро пред, за време и по вашата прослава.
5. Нежната палета на бои кои се наоѓаат во **Соња декоративната** колекција ќе направи да изгледате прекрасно на секоја ваша фотографија.
6. Земете ги во предвид овие прекрасни призводи од **Соња колекцијата** . Чувствувајте се убави, заводливи и прекрасни. Со нетрпение ја очекувате оваа специјална вечер-имате идеален фустан, маникирот ви е перфектен... вие ќе бидете вистинска кралица на вечерта со дополнување на вашиот изглед со Соња декоративната козметика:

* **Sonya Colour Concealer Wheel – коректор,** кој ќе ви помогне во прекривање на несовршеноста. Нашата уникатна палета на бои кои се пет во едно, несовршенствата на кожата ги доведуваат до минимум и го изедначуваат тенот на лицето.
* **Sonya cream to Powder Foundation** - **крем пудрите**, кои ви ги нуди Соња декоративната колекција во совршени нијанси во елегантни, црни кутии во форма на школка. Идеални за секој вид на кожа, нашите природни нијанси го изедначуваат тенот и вашето лице станува беспрекорно.
* **Sonya translucent pressed powder – транслуцентни пудри** - сé што ви е потребно за усовршување на вашата шминка е лесно нанесување од транслуцентната пудра. Полупрозрачните пудри на „Соња“ се најфино микронизираните пудри на светот. Тие на вашата кожа ѝ даваат нежен, сатенски и раскошен изглед. Можат да се искористат самостојно или врз основата за да имате беспрекорно лице за време на целата прослава.
* **Sonya blush -** перфектната комбинација која ви ја предлагаме е нијансата # 165-Sunset и # 158-Bashful. Елегантните руменила од серијата „Соња“ рамномерно се нанесуваат, за да ги истакнат јаболчниците и да му дадат свежина на вашиот тен.
* **Sonya Eye shadows - Соња сенки за очи -** Откријте ја тајната на идеалните очи со нашите дваесет и четири нијанси на меки сенки во прав - од бисерно бело па се до мат кадифено.
* **Sonya Eye Pencil** - меки и нежни крем моливи за очи кои идеално се нанесуваат и при секое користење ѝ даваат убав завршеток на вашата шминка.
* **Sonya Mascara** во кафена или црна варијанта. Да напоменеме дека нашите исклучителни маскари содржат алое вера. Тие ги негуваат и издолжуваат трепките, без да ги залепат и зацврстат.

* **Sonya Lip Pencil**-Крем моливите се нежни моливи за усни, лесно се нанесуваат и ги оцртуваат вашите усни.
* **Sonya Lipstick**-Шеснаесетте бои на долготрајни кармини со алое се идеални за самостојна употреба или во меѓусебна комбинација за да добиете свои сопствени, уникатни нијанси. Додадете сјај за усни за дополнителен сјај.
* **Sonya Lip Gloss**-оживејте ја бојата на вашите усни со долготрајниот сјај за усни кој содржи алое вера.

7. **Соња прибор**-направете прекрасни подароци за вашата матурска или свадба, а да не споменуваме дека тоа е одличен начин да го промовирате вашиот Соња Бизнис! На вашите пријателки ќе им се допадне Соња колекцијата со четки за нанесување на шминка, Соња луксузното огледало и кутивче за кармин, а тука се и квалитетните комплети за патување и несесери.
8. Не ги заборавајте **Соња листовите за контрола на сјајот**! Овие впивливи хартии за лице се екстра апсорбирачки и во ниеден момент нема да дозволат да се расипе вашата шминка. Тие во целост се природни и се направени од абака листови од Филипините кои многу брзо го отстрануваат вишокот на сјај без да се размачка вашата шминка. Лесни за носење и за користење, овие впивливи хартии ќе направат да изгледате свежи во текот на целиот ден.
9. Не заборавајте со себе да ја понесете пудрата, карминот и сјајот за усни, за лесни корекции пред и во текот на целата ваша прослава .
10. Насмевнете се и бидете среќни . . . ова е ваш ден кој ќе го запомнете FOREVER!

FOREVER NO LIMITS

EUROPEAN & WORLD RALLY VIENNA 2011

ЕВРОПСКО РЕЛИ

Виена, Австрија, Април 15-16, 2011

FOREVER

РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцелариите на ФЛП

- **Секој понеделник: Мери Џајковска-Супервизор**
  Почеток: 18:00 часот
- **Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
  Почеток: 17:00 часот
- **Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
  Почеток: 17:30 часот
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
  Почеток:17:00 часот
  Славица Донакова-Менаџер
  Почеток:18:00 часот
- **Секој петок: Александар Апел-Менаџер**
  Почеток: 18:00 часот

SUCCESS DAY

11.06.2011
Хотел Порта, Почеток: 18:00
Влез: слободен

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

Како да порачате:

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

Квалификации за април 2011

ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Вера Златковска
2. Катерина Трајчевска
3. Др.Снежана Контра
4. Славица Донакова
5. Др. Роза Гелевска
6. Слафко Михајловски
7. Гордана Трајковска
8. Младен Димовски
9. Александар Апел
10. Славица Димовска

ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Катерина Трајчевска
4. Блага Крстеска
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Др.Снежана Контра
8. Др. Роза Гелевска
9. Зорка Малинова
10. Гордана Трајковска

FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA
www.foreverliving.com
ул. Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

Квалификации за април 2011

Асистент Супервизори

1. Анушева Соња – Штип
2. Велески Оливера и Велибор – Гостивар
3. Војновски Бобан и Анета - Скопје
4. Данаиловска Светлана - Скопје
5. Зафировски Мира и Тихомир – Скопје
6. Јосифови Борка и Лазо – Кочани
7. Јовановски Билјана и Марјан – Скопје
8. Капсарови Снежана и Иван – Скопје
9. Коцева Елизабета – Велес
10. Маркушкоски Драгица и Јосиф – Скопје
11. Мирческа Ангелевска Лидија – Скопје
12. Николовски Филип – Штип
13. Николовски Драги и Валентина – Скопје
14. Погачаџиева Диана – Гевгелија
15. Ристова Марија – Кавадарци
16. Станковиќ Радмила – Куманово
17. Стоилева Јулијана – Штип
18. Стојановски Елена и Игор – Скопје
19. Трајковска Слаѓана – Куманово
20. Шалеви Јованка и Димитар - Штип

ПРОМОЦИЈА!

За еден купен производ Aloe Bath Gelee (код:014), добивате два.
За еден купен производ Mask Powder (код:045), добивате два.
Количините се ограничени!

Посетете ја нашата Facebook страница Flp Macedonia и бидете во тек со актуелните настани и промоции!

Алое Ден - Свети Николе

26.05.2011 - четврток
Почеток: 18:00
За локација информирајте се на тел.: 02/2465-846 или на нашата Facebook страница Flp Macedonia

Алое Ден - Куманово

31.05.2011 - вторник
Центар за култура
Трајко Прокопиев
Почеток: 18:00